РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED Q-017/2017

ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 35 став 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), општина Гази Баба-Скопје, Општина Гази Баба, го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат граѓаните, правните лица од просторот опфатен со Архитектонско-урбанистички проект за бензиска пумпна станица на КП 282/5 КО Идризово од Општ акт за село Идризово, Општина Гази Баба – Скопје, државната управа, научните и стручните организации, дека Општина Гази Баба донесе Одлука за организирање на:

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА**

По Архитектонско-урбанистички проект за бензиска пумпна станица на КП 282/5 КО Идризово од Општ акт за село Идризово, Општина Гази Баба – Скопје, кој опфаќа простор од 1.039,88 м², со следните граници :

**на север** • соседна КП 283/1 КО Идризово
**на исток** • соседна КП 282/6 КО Идризово,
**на југ** • Регионалниот пат Р1102,
**на запад** • соседна КП 282/4 КО Идризово

Намена на земјиштето и градбите:

- Е2 - комунална инфраструктура - (бензинска пумпна станица со придружни содржини)

Архитектонско-урбанистички проект за бензиска пумпна станица на КП 282/5 КО Идризово од Општ акт за село Идризово, Општина Гази Баба – Скопје, ќе биде изложен во просториите на Месна заедница "Колонија", во рок од 10 работни дена и тоа почнувајќи од 29.11.2021 год. до 13.12.2021 год., секој работен ден од 8,00 часот до 16.00 часот.

Јавната презентација на Архитектонско-урбанистички проект за бензиска пумпна станица на КП 282/5 КО Идризово од Општ акт за село Идризово, Општина Гази Баба – Скопје ќе се одржи на ден 03.12.2021 год (петок) со почеток во 12.00 часот во просториите на Општина Гази Баба, барака 8 (голема сала).

Анкетните листови за учество во Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на Месна заедница "Колонија"

Во определениот рок заинтересираните правни лица, физички лица, државната управа, научните и стручните организации можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на Анкетните листови.

Број 28-3/2868/9
Од 18.11.2021 год.
Скопје

Раководител на одделение
Стојка Долиќоска, диа

Раководител на сектор
Благица Блажевска, диа

ГРАДОНАЧАЛНИК
Бобан Стефковски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СКОПЈЕ 1